


## Дозволете во мое лично име и во име на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, на сите граѓани на Република Македонија од исламска вероисповест, да им го честитам големиот празник Курбан Бајрам со искрени желби, пред се за добро здравје, хармонија и благосостојба.

Празникот Курбан Бајрам е празник на солидарноста и хуманоста кои се универзални вредности што обединуваат и поврзуваат. Да помогнеш и да подадеш рака на тој кому најмногу му треба, е врвна доблест и израз на човечност. Македонија покажала и докажала низ вековите дека има традиција на взаемна толеранција, почит и разбирање, но најважно од се луѓето од различна вера или етничка припадност, да си бидат взаемна поткрепа и поддршка во премрежијата со кои сме се соочувале.
Така е и сега. Македонија и нејзините граѓани се соочуваат овие неколку години со големи проблеми и затоа е насушна потребата да бидат сплотени, да си подадат рака и заеднички да ги надминат предизвиците. Пандемијата, растечката сиромаштија, лошиот стандард и економската криза се премрежијата на новото време со кој мора заедно да се справиме. Колку повеќе си подаваме рака еден на друг, колку повеќе си помагаме, толку полесно ќе се справиме со тоа што сите нас не засега.

Нека е честит големиот празник Курбан Бајрам.

**Со Почит,**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ**